ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:09-72/6

Дата: 14.12.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст Министерство) на сметката на буџет на донации – Проект SERRA – EI (785) за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Министерството за 2015 година не изразивме мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерството за сметката на буџет на донации – Проект SERRA – EI (785) за 2010 година и изразено е позитивно мислење во однос на реалноста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби поради кои не бевме во можност да обезбедиме доволни и соодветни докази за потврдување на салдото на сметката за донации, ниту да ги утврдиме причините за неговото постоење, како и да се увериме во законското и наменско трошење на средствата за кои се евидентирани расходи во 2015 година.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Од страна на одговорните лица на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за информатичко општество и администрација на сметката за на буџет на донации – Проект SERRA – EI (785), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерството за информатичко општество и администрација за сметката на буџет на донации – Проект SERRA – EI (785) за 2010 година и изразено е позитивно мислење во однос на реалноста и објективноста на финансиските извештаи како и позитивно мислење во однос на усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Министерството застапувано од:
- м-р Иво Ивановски, министер до 15.09.2015 година и
- Марта Арсовска - Томовска, министер од 11.11.2015 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Заради прашањата опишани во точка 4 – Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.05.2016 до 14.10.2016 година кај Министерството за информатичко општество и администрација, на сметката на основниот буџет за 2015 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година бр. 09-132/11 од 30.11.2011 година за извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството, заедно со ревизија на усогласеност со закони и прописи за сметката на буџет на донации – Проект SERRA – EI (785) за 2010 година не се дадени препораки.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, одржан на ден 04.11.2016 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-72/6 од 14.12.2016 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Во 2009 година за реализација на Проектот SEERA – EI, склучен е Договор за грант помеѓу Министерство за информатичко општество и Европска унија, со максимален износ од 75 илјади евра, кој Министерството требало да го добие во форма на грант. За имплементација на проектот бил предвиден период од 36 месеци, заклучно со април 2012 година. Во период од 2009-2011 година на сметката за донации на Министерството, дозначени се средства во вкупен износ од 2.586 илјади денари, односно 42 илјади евра, што претставува 56% од предвидениот износ во договорот склучен со донаторот.
Со увид во доставената документација, ревизијата констатира дека од страна на Министерството за реализација на проектните активности заклучно со 2012 година искористени се средства во вкупен износ од 1.488 илјади денари, односно 58% од префрлените средства од донаторот.
Во текот на 2013 година, од страна на Министерството, а по барање на донаторот извршен е поврат на средства, поради повеќе префрлени средства

во однос на извршените расходи од страна на Министерството, во износ од 309 илјади денари (5 илјади евра).

По извршениот поврат, на сметката за донации од наведениот проект останати се средства во износ од 788 илјади денари, што упатува на неусогласеност на податоците за потрошени средства со кои располага донаторот, со податоците искажани во сметководствената евиденција и деловните книги на Министерството.

Состојбата на сметката на 31 декември е констатирана со извршениот попис за 2015 година, но не е дадено образложение за причините за останатите средства на сметката, иако рокот за реализација на проектот е завршен.

Во текот на 2015 година, Министерството нема извршено исплати од сметката за донации, а во сметководствената евиденција искажани се расходи заради раздолжување на подигнати аванси по налози за службено патување од 2011 година во вкупен износ од 113 илјади денари. Притоа, за евидентираните расходи за издатоци за службено патување во вкупен износ од 60 илјади денари наведено е дека трошоците поврзани со патувањето се на товар на сметката на МАРнет, чие одговорно лице е координаторот на проектот SEERA – EI.

Врз основа на приложената документација ревизијата не беше во можност да обезбеди доволни и соодветни докази за потврдување на состојбата на салдото на сметката за донации, ниту да ги утврди причините за неговото постоење, како и да се уври во законското и наменско трошење на средствата за кои се евидентирани расходи во 2015 година.

**Препорака:**

Одговорното лице на Министерството во соработка со донаторот на средствата, потребно е да преземе мерки и активности за добивање насоки за постапување со неискористените средства.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесениот наод во точката 4.1., кој е основ за изразување мислење е неможност за потврдување на состојбата на салдото на сметката за донации, ниту за утврдување на причините за неговото постоење во износ од 788 илјади денари, како и законското и наменско трошење на средствата во износ од 60 илјади денари.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 4.1., ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерството за информатичко општество и администрација сметка на буџет на донации – Проект SERRA – EI кои се предмет на ревизија.

### Мислење  за усогласеност со закони и прописи

Поради ограничување на делокругот на делокругот објаснет во точката 4.1. ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за информатичко општество и администрација сметка на буџет на донации – Проект SERRA – EI се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 788 | 979 |
| **Вкупно приходи** | | **788** | **979** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 115 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **115** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **115** | **0** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2015** | **2014** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 788 | 788 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 76 | 192 |
| **Вкупно тековни средства** | | **864** | **980** |
| **Вкупна актива** | | **864** | **980** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 864 | 980 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **864** | **980** |
| **Вкупна пасива** | | **864** | **980** |